Врз основа на чл.118  од Статутот на Средното општинско училиште “Јане Сандански”-Струмица и Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта во учебната 2025/2026 година во Република Северна Македонија,  Училишната комисија распишува

**И н т е р е н**
**О Г Л А С**
**за запишување на ученици во прва година во учебната 2025/2026 година**

## <u>I-УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ</u>

Во прва година ќе се запишат 288 ученици во 9 паралелки со настава на македонски јазик според наставните планови и програми за
**ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ**
- **170 ученици во 5 паралелки 4 год.траење, минимум 60 поени**

**ЕКОНОМСКО-ПРАВНА И ТРГОВСКА СТРУКА**
- **ЕКОНОМСКИ ТЕХНИЧАР**
  **68 ученици во 2 паралелки 4 год.траење, минимум 60 поени**
- **ЕКОНОМСКИ ТЕХНИЧАР ВО СОРАБОТКА СО КОМПАНИИ**
  **25 ученици во 1 паралелка 4 год.траење, минимум 60 поени**
- **ТЕХНИЧАР ЗА Е-ТРГОВИЈА И ДИГИТАЛЕН МАРКЕТИНГ ВО СОРАБОТКА СО КОМПАНИИ**
  **25 ученици во 1 паралелка 4 год.траење, минимум 60 поени**

Кандидатите ќе се запишуваат врз основа на условите и критериумите за запишување на ученици во I-ва година во средното образование во учебната 2025/2026 година во Република Северна Македонија утврдени во Законот за средно образование, Законот за стручно образование и обука, Законот за спортска академија и  Конкурсот за запишување ученици во прва година објавени од страна на МОН.

Кандидатите кои според критериумите по сите основи нема да освојат минимум **60 поени** нема да бидат рангирани.

<u>Учениците кои ќе се запишат во прва година гимназиско образование треба да се определат за едно од понудените подрачја односно комбинации како прв избор и едно подрачје односно комбинација како втор избор доколку нема слободно место за прво избраното и тоа помеѓу</u>

- природно математичко подрачје комбинација А
- природно математичко подрачје комбинација Б
- општествено хуманистичко подрачје комбинација А
- општествено хуманистичко подрачје комбинација Б
- јазично-уметничко подрачје комбинација А
- јазично уметничко подрачје комбинација Б

Наставни предмети од основно образование кои се предвидени во критериуми за рангирање на успехот на учениците

| Ред.бр. | Струка | Наставни предмети кои се задолжителни | Наставни предмети кои се од значење за струката односно изборното подрачје |
|---|---|---|---|
| 1. | Економско-правна и трговска | Мајчин и англиски јазик | Математика,историја |
| 2. | Гимназиско образование | | |
| - | Природно-математичко подрачје А-комбинација | Мајчин и англиски јазик | Математика, Физика |
| - | Природно-математичко подрачје Б-комбинација | Мајчин и англиски јазик | Математика, Биологија |
| - | Општествено-хуманистичко подрачје А-комбинација | Мајчин и англиски јазик | Математика, Историја |
| - | Општествено-хуманистичко подрачје Б-комбинација | Мајчин и англиски јазик | Математика, Историја |
| - | Јазично-уметничко подрачје А-комбинација | Мајчин и англиски јазик | Математика, Историја |
| - | Јазично-уметничко подрачје Б-комбинација | Мајчин и англиски јазик | Математика, Историја |

Услови за запишување на учениците се

-да имаат завршено основно образование

-да не се постари од 17 години

-да се определиле за план и програма за еден од следните видови образование (гимназиско или стручно)

- да ги исполнуваат критериумите утврдени во Конкурсот за запишување ученици во прва година

Учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат во одредено јавно средно училиште ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Конкурсот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаење и вештини во соодветното училиште.

**Напомена Бесплатен превоз или сместување на учениците кои ќе се запишат во прва година нема да биде обезбеден ако избраниот вид на образование (струка) го има во општината односно регионот.**

## II-ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

По успешното електронско пријавување, учениците во избраното училиште ја доставуваат следната документација:

- пријава за запишување (пријавата учениците можат да ја генерираат со печатење на електронската пријава преку системот на е-услуги)
- оригинални свидетелства од VI до IX одделение;
- извод од матичната книга на родените (без оглед на датумот на издавањето) ;
- дипломи (доколку имаат) за освоени I,II и III место од меѓународни и државни натпревари од мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија,физика,биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје

Документите да не се испраќаат по пошта.

## III –КОНКУРСНИ РОКОВИ

Пријавувањето и запишувањето на учениците се врши во **јунски уписен** рок со две пријавувања во месец јуни.

Пријавувањето на учениците ќе се врши преку електронско аплицирање, преку линк до порталот за електронски услуги на МОН https://e-uslugi.mon.gov.mk со специјална најава за средношколци преку сопствените кориснички сметки на Schools.mk

Првото електронско пријавување на учениците ќе се врши од **00.00 часот на 14 јуни до 23.59 часот на 17 јуни 2025.**

Доставувањето на потребната документација до училиштата е на 18 јуни од 08.00 до 19.00 часот и на 19 јуни од 08.00 часот до 17.00 часот.

Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 20 јуни 2025 година, најдоцна до 12.00 часот на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страница.

Квалификационото тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 23 јуни 2025 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 23 јуни 2025 година, на јавно место во училиштето.

Второто електронско пријавување на учениците ќе се врши на **30 јуни од 00.00 часот до 23.59 часот.**

Доставувањето на потребната документација до училиштата е на 01 јули од 10.00 до 19.00 часот.

Конечната ранг листа за секое училиште со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 02 јули 2025 година, најдоцна до 12.00 часот на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страница.

Квалификационото тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 4 јули 2025 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 4 јули 2025 година, на јавно место во училиштето.

Учениците кои се упатени на поправни испити, испит на година, испити за побрзо напредување, може да се запишат во училиштата во кои има слободни места и ги исполнуваат условите пропишани со Конкурсот после јунскиот уписен рок со две пријавувања.

Пријавување на учениците ќе се врши на 21 август 2025 од 00.00 часот до 15.00 часот електронски.

Доставувањето на потребната документација до училиштата е на 21 август од 08.00 до 17.00 часот.

Конечната ранг листа за секое училиште со резултатите од запишувањето ќе се објави на 22 август 2025 година, најдоцна до 10.00 часот.

По објавување на конечната ранг листите со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 24 часа, а училиштата имаат обврска да ја вратат целокупната документација на учениците во рок од 24 часа.

## IV-КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Критериуми за избор на учениците се:
− среден успех на ученикот од VI - IX одделение;
− среден успех на ученикот постигнат по четири предмети (мајчин јазик, странски јазик и два предмети што се од значење за струката);
− дипломи од освоени (I, II и III) места од меѓународни и државни натпревари организирани од акредитирани здруженија од МОН од (мајчин јазик, странски јазик,природни науки, математика,хемија,физика,биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје);
− средна вредност од поени добиени за поведение од VI до IX одделение

Во училиштата каде што се пријавуваат поголем број ученици кои ги исполнуваат предвидените услови од планираниот број предвиден во овој конкурс, се организира квалификационо тестирање по наставниот материјал од осмо и деветто одделение по следните наставни предмети и тоа: - за гимназиско образование - мајчин јазик и математика; - за другите струки - мајчин јазик и математика

За средниот успех од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу 50 поени (општиот успех од шесто, седмо, осмо и деветто одделение се собира, се дели на четири и истиот број се множи со коефициент 10).

За средниот успех постигнат од четирите предложени наставни предмети (два наставни предмети задолжително за сите видови и два предмети што се значајни за струката), ученикот може да добие најмногу 20 поени (5 поени за секој предмет).

За освоено место од меѓународни натпревари ученикот може да добие најмногу 5 поени. За освоено место од од државни акредитирани натпревари за I место-3 поени, II место 2 поени и III место-1 поен.

За средна вредност од поените за поведение од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу 5 поени. (Примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение се вреднува со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и девето одделение поделен со 4).

Директор

Невенка Стојанова